CEEOL copyright 2024



304-025.511(497-15)(049.3)

# Бела книга за

# Социјалното влијание на глобалната економска криза во Западен Балкан

Михаил Арандаренко (Белград), Елира Јоргони (Тирана) и Пол Стабс, (Загреб) со помош на Мимоза Аголи (Тирана) подготвија Бела книга за „Социјалното влијание на глобалната економска криза во Западен Балкан", во мај, 2009. Книгата беше нарачана од Регионалната канцеларија на Развојната програма на Обединетите нации (UNDP) за Европа и земјите од бившиот Советски Сојуз (CIS). Истата беше дискутирана на техничкиот состанок во Загреб, на 15 јуни, 2009, на кој присуствуваа претставници на владите од Регионот, како и претставници на агенциите на Обединетите нации и Светска банка. Белата книга се фокусира на влијанието на финансиската и економската криза во социјалниот домен и на пазарот на труд во земјите од Западен Балкан (Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Црна Гора, Србија и Косово [27]).

Белата книга се осврнува на влијанието од кризата преку неколку преносни механизми, како: трговските шокови, приватните трансфери, шоковите во курсните стапки; ризиците во банкарскиот сектор, намалувањето на стрнаските директни инвестиции; како и затегнувањето на финансирањето на долговите. Авторите во ова книга ја дискутираат природата на системите за социјална заштита, политиките на пазарот на труд, како и пошироките прашања за социјалната структура, нееднаквоста, стратегиите за снаоѓање, вредностите и општествената доверба, сугерирајќи дека кризата ќе има бројни долгорочни влијанија меѓу кои и зголемување на сиромаштијата и социјалната исклученост, и влошени исходи на пазарот на труд. Текстот завршува со дискусија за потребата од концетрирани заложби и истакнува специфични политички мерки.

д-р Пол Стабс

Економски Институт, Загреб

[27] Согласно Резолуцијата 1244 на Безбедносниот Совет на Обединетите нации.



CEEOL copyright 2024